# З А П И С Н И К
**од Шеесет и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.4.2018 година**

**Скопје, април 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 10.4.2018 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, како и Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Снежана Нацаковска и Оливера Нечовска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.
Од седницата отсуствуваа Билен Саљији, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за добивање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за пресметување на платите во Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

2. Информација во врска со потребата од обезбедување на дополнителни 100 милиони евра средства во вид на нова петта кредитна линија од Европската инвестициона банка за финансирање на мали и средни претпријатија

3. Тримесечен извештај за работата и материјално-финансиското работење на МЕР АД Скопје за периодот од 1.10.2017 година до 31.12.2017 година

4. Информација во врска со Акциски план за реализација на Програмата за инвестиции во водостопанството за 2018 година

5. Годишен извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2017, со Предлог-одлука

6. Годишна сметка, Годишен извештај за работата и Финансиски извештај за 2016 година на Трговско друштво „НАФТОВОД“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлуки

7. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Уставен суд на Република Македонија

8. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење движна ствар на Државен архив на Република Македонија

9. Информација за испраќање на републички сили за заштита и спасување за учество на вежбовна активност при хемски инцидент со прекуграничен ефект „Суб-регионална - Балкан теренска вежба“ во Тирана, Република Албанија, со Предлог-одлука

10. Конечен извештај за извршена ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите и ревизија на усогласеност за 2016 година на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Ресен (сметка за средства од Фондот 737 и сметка за

средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531)

11. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Јавна здравствена установа Здравствен дом-Охрид (сметка за средства од Фондот 737 и сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531)

12. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија Скопје -сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи

13. Предлог-одлуки за продажба на движни ствари

14. Барање на согласност за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука

15. Информација за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи

**б) Економски систем и тековна економска политика**

16. Информација за раскин на договор за закуп на недвижен имот, објект од поранешно АД Агромариово од с.Витолишта, Прилеп, сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

17. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот „Изградба на карго аеродром во Штип“

18. Информација за започнување на повеќегодишна јавна набавка на работи за реконструкција на постоечки потисен цевковод од постоечки бунар до резервоарот во населено место Дреновци, општина Долнени

19. Информација за започнување на повеќегодишна јавна набавка на работи за доизградба на канализација во населено место Крушеани во општина Кривогаштани

20. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

21. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Ројал - Скопје со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект

22. Информација во врска со Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги Дата ресурси ДОО увоз-извоз Струмица на локалитетот „Криво Долче“ с.Куклиш, општина Струмица

23. Информација во врска со постапките за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Банско“ Општина Струмица, со Предлог-одлуки

24. Информација во врска со потпишувањето на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за енергетика на Република Бугарија за спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија, со Нацрт - текст на Меморандумот

25. Информација за обесштетување на поплавените правни лица во Скопскиот регион

**в) Политички систем**

26. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања, во октомври, ноември и декември 2017 година

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

27. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица

28. Информација за Моделот за преглед на занимања и работен план за преглед на занимања 2018-2021 година

29. Информација за Фулбрајт програмата за академска размена, со усогласен текст на Меморандум за разбирање

30. Информација за вработувањата во основните и средните училишта

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

31. Предлог-решение за формирање на Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините

32. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - фелдспат на Друштвото за производство, трговија и услуги „Огражден-микромикс“ ДООЕЛ увоз-извоз Струмица на локалитетот „Хамзали 2“, општина Босилово

33. Предлог-одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати

**б) Политички систем**

34. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар (ИЛ бр.92499 КО Чаир)

35. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар ( ИЛ бр.14 КО Тетово1)

36. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „COMBINED RESOLVE-X“, во Сојузна Република Германија

37. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „BGR-MKD SOF JCET 18“, во Република Бугарија

38. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „EAGLE-VI“, во Република Косово

39. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „ADRIATIC STRIKE 2018“, во Република Словенија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**
**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

40. Предлог-закон за изменување на Законот за технолошки индустриски развојни зони

41. Предлог-закон за изменување и дополнување на Закон за здравјето на растенијата

42. Годишен извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2017 година

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

43. Иницијатива поднесена од Асоцијацијата на Здруженија на работодавачите на трговски друштва за превоз на патници на Република Македонија - Исток, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.156/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Тарифата за премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/2008 и 144/2017) донесена од Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност.

44. Посебен извештај за состојбите во Прифатниот транзитен центар „Табановце“

45. Посебен извештај за остварувањето и заштитата на избирачкото право

46. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5414, Имотен лист бр.4321, Имотен лист 5413, Имотен лист бр.4318 и Имотен лист бр. 7518 за КО Бутел на КП бр.2024/1, КП бр. 2026/1 КП бр.2025, КП2027/1 и КП бр.2024/2

47. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101705 за КО Бутел на КП бр.143

48. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95142 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр.3948

49. Понуда од нотар Славчо Алексов за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.243 за КО Истибања на КП бр.799 место викано Бавчи

50. Известување од извршител Зоран Петрески од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И. бр.141/18 за КО Бутел

**д) Други предлози**

51. Повик за свикување на Собрание на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано на 16.04.2018 година, во 10.00 часот

52. Кадровски прашања

53. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

54. Финансиски извештај за работењето на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за периодот од 01.01.2017-30.09.2017 година

55. Годишен извештај за работата на Управата за финансиско разузнавање во 2017 година

56. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за февруари 2018 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

57. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат од постоечки локален пат кон месност поранешен Рудник Дамјан до концесиски простор Рудник Боров Дол КО Дамјан, Општина Радовиш

58. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

59. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење движни ствари на Управа за извршување на сакции

60. Информација за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучен Договор за реконструкција и адаптација на ЈЗУ Специјална болница "Св. Еразмо" - Охрид, со предлог Одлука за давање согласност за склучување анекс на Договорот

61. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на клетки од човечкото тело заради лекување-хематопоетски матични клетки

62. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на клетки од човечкото тело заради лекување-срце

63. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на клетки од човечкото тело заради лекување-панкреас

64. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на две лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на клетки од човечкото тело заради лекување-очни ткива

65. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на органи од човечкото тело заради лекување-црн дроб од живи или умрени лица

66. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на органи од човечкото тело заради лекување-бубрези од живи и умрени лица

67. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на органи од човечкото тело заради лекување-бели дробови

68. Годишна сметка за 2016 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со Предлог-одлуки

69. Формирање работна група за утврдување на програма за одбележување јубилеј 1000 години од формирање на Охридска Архиепископија од страна на државата

70. Извештај по точка 1 од Третата седница на Комисијата за приватизација, одржана на 10.04.2018 година, во врска со предлог за именување на претставник на капиталот, односно акциите во 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп, стекнати по основ на државен капитал

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за пресметување на платите во Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од обезбедување на дополнителни 100 (сто) милиони евра средства во вид на нова петта кредитна линија од Европската инвестициска банка за финансирање на мали и средни претпријатија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на АД Македонска банка за поддршка на развојот, во рок од 15 дена да ја започне постапката за добивање на согласност од Министерство за финансии за задолжување обезбедено со државна гаранција.

2. Се укажува на АД Македонска банка за поддршка на развојот, во рок од 15 дена по добивање на согласноста од Министерството за финансии за задолжување обезбедено со државна гаранција, во соработка со Министерството за финансии да се обрати до Европската инвестициона банка со барање за добивање на нова петта кредитна линија во износ од 100 (сто) милиони евра наменета за поддршка на мали и средни претпријатија.

3. Се укажува на АД Македонска банка за поддршка на развојот во преговорите со комерцијалните банки да се заложи цената на каматата да не надмине 3,2% за крајните корисници.

**Точка 3**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата и материјално - финансиското работење на МЕР АД Скопје за периодот од 1.10.2017 година до 31.12.2017 година, со дополнување кон материјалот, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се укажува на МЕР АД да преземе мерки за намалување на непродуктивните расходи.

2. Се укажува на МЕР АД да направи прецизен гантограм на финансиските и техничките аспекти на градењето на цевководите за 2018 година и истиот да го достави до Владата во рок од 30 дена.

3. Се укажува на МЕР АД при подготвувањето на финансиските извештаи трошоците за експропријација да ги издвои од другите видови на трошоци.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Акциски план за реализација на активности од инвестициската програма за 2018 година на АД Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост - Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Го прифати новиот Акциски план за реализација на активности од инвестициската програма за 2018 година на АД Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост - Скопје, со укажување до моментот на обезбедување на дополнителни финансиски средства за оваа намена, Акцискиот план да се реализира во рамки на финансиските средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година.

**Точка 5**

Владата по новиот текст на Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2017 година, со дополнување и Предлог-одлука ја донесе Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по Годишната сметка, Годишниот извештај за работата и Финансискиот извештај за 2016 година на Трговско друштво „НАФТОВОД“ ДООЕЛ Скопје, со дополнување и предлог-одлуки ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Трговското друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје за 2016 година;

2. Новиот текст на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје за 2016 година;

3. Новиот текст на Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Трговското друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје за 2016 година и

4. Одлуката за намера на намалување на основната главнина на Трговското друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје за 2016 година, во предложените текстови.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Уставен суд на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Државен архив на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на републички сили за заштита и спасување за учество на вежбовна активност при хемски инцидент со прекуграничен ефект „Суб - регионална - Балкан теренска вежба“ во Тирана, Република Албанија, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на републичките сили за заштита и спасување за учество на вежбовна активност при хемиски инцидент со прекуграничен ефект „Суб-регионална-Балкан теренска вежба" во Тирана, Република Албанија, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите и ревизија на усогласеност за 2016 година на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Ресен (сметка за средства од Фондот 737) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на ЈЗУ Здравствен дом Ресен да пристапи кон подготвување на акциски план за имплементација на дадените препораки, а Министерството за здравство да го следи и олеснува процесот на нивна имплементација.

2. Се укажува на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Ресен да пристапи кон донесување на одлука за распишување на јавен конкурс за именување на работоводен орган, а министерот за здравство, д-р Венко Филипче да изврши именување на истиот и склучување на договор за уредување на нивните меѓусебни права и обврски.

**Точка 11**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Јавна здравствена установа Здравствен дом - Охрид (сметка за средства од Фондот 737 и сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на ЈЗУ Здравствен дом Охрид да пристапи кон изготвување на Акциски план за имплементација на дадените препораки, а Министерството за здравство да го следи и олеснува процесот на нивна имплементација.

2. Се укажува на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Охрид да пристапи кон донесување на одлука за распишување на јавен конкурс за именување на работоводен

орган, а министерот за здравство да изврши именување на истиот и склучување на договор за уредување на нивните меѓусебни права и обврски.

3. Се задолжува Министерството за здравство, да обезбеди навремени повратни информации/согласности за доставените барања на согласност на ценовник на услуги кои се даваат на странци.

## Точка 12

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија Скопје -сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи и го усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија Скопје да пристапи кон изготвување на акциски план за имплементација на дадените препораки, а Министерството за здравство да го следи и олеснува процесот на нивна имплементација.

2. Се укажува на Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија Скопје да пристапи кон донесување на одлука за распишување на јавен конкурс за именување на работоводен орган, а министерот за здравство да изврши именување на истиот и склучување на договор за уредување на нивните меѓусебни права и обврски.

3. Се задолжуваат Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Македонија во рамките на своите надлежности да преземат активности за преиспитување на утврдениот буџет на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија Скопје од аспект на висината на извршените здравствени услуги над нивото на одобрениот буџет.

4. Се задолжува Министерството за здравство да пристапи кон подмирување на обврските кон ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија Скопје кои потекнуваат од извршени здравствени услуги од Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања за терапија на болните за мултипла склероза.

5. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди доволно средства за набавка на потребните лекови и опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија Скопје потребни за лекување на лицата заболени од мултипла склероза и надминување на листите на чекање за добивање на потребните лекови.

6. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Македонија да изврши одобрување на доставените нови (два) здравствени пакети на здравствени услуги и нов амбулантски пакет за поефикасно лечење на пациентите со агресивна мултипла склероза.

7. Се задолжуваат Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, а се укажува на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија Скопје и јавните здравствени установи од секундарно ниво да изнајдат начин со кој ќе се овозможи соодветен третман на пациентите во најблиската јавна здравствена установа на секундарно ниво и доставување на терапијата на пациентите во најблиската аптека според местото на живеење на пациентите.

8.	Се задолжува Министерството за здравство да пристапи кон формирање на работно тело со вклучени претставници од Министерството за здравство, Агенцијата за лекови и медицински средства (МАЛМЕД) и етичката комисија за испитување на сите клинички испитувања кои се вршат во Република Македонија во јавните здравствени установи, утврдување на последиците/штетите кои се нанесени на јавните здравствени установи, вработените и пациентите и утврдување на јасни правила на постапување и заштитување на пациентите од несакани последици.

9.	Се задолжува министерот за здравство да пристапи кон изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за клиничките испитувања на лековите и содржината на документацијата од аспект на начинот на одобрување на клиничките испитувања, утврдување на јасен соодност на распределба на средствата помеѓу јавните здравствени установи и носителот на клиничкото испитување и испитаникот (пациентот), утврдување задолжителна обврска сите средства да се уплатуваат/исплатуваат од сметката на јавните здравствени установи и јасни правила на запознавање за последиците од клиничките испитувања.

**Точка 13**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за продажба на движни ствари (информатичка опрема),

2. Одлуката за продажба на движни ствари (метален отпад) и

3.Одлуката за продажба на движни ствари (возила), во предложените текстови.

**Точка 14**

Владата го разгледа Барањето за согласност за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука и по Барањето го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи и ја усвои со следниве заклучоци:

1.	Се задолжува Министерството за внатрешни работи да формира Работна група која ќе ја раководи претставникот од Министерството за внатрешни работи и во состав со по еден претставник од Националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за одбрана, Министерството за правда, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

2.	Се задолжува Работната група, да подготви и во рок од 60 дена до Владата да достави анализа за поставеноста и дејствувањето на целокупниот систем за кризи, имплементацијата на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи и да предложи насоки за реформирање на овој систем користејќи и компаративни искуства.

3. Се задолжуваат институциите од заклучокот бр. 1 во рок од седум дена да доставaт номинации до Министерството за внатрешни работи.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за раскин на договор за закуп на недвижен имот, објект од поранешно АД „Агромариово“ с.Витолишта, Прилеп, сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со дополнување кон материјалот и Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодба за раскин на Договор за закуп на недвижност, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информација за текот и прогресот на активностите во реализацијата на проектот „Изградба на карго аеродром во Штип“ и ја усвои со заклучок:

- се задолжува Министерството за транспорт и врски да продолжи да доставува до Владата, информации за текот и прогресот на активностите во реализацијата на проектот „Изградба на карго аеродром во Штип“ се додека не се завршат мерењата на параметрите за видливост и појава на магла и се додека не се потпише анекс на Договорот за концесија со компанијата ТАВ Аеродроми - Скопје.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на повеќегодишна јавна набавка на работи за реконструкција на постоечки потисен цевковод од постоечки бунар до резервоарот во населено место Дреновци, Општина Долнени и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде одобрение на Министерството за транспорт и врски за реализирање на постапка за склучување на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за реконструкција на постоечки потисен цевковод од постоечки бунар до резервоарот во населено место Дреновци, Општина Долнени.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски средствата во износ од 2.000.000,00 денари за реализација на проектот „Реконструкција на постоечки потисен цевковод од постоечки бунар до резервоарот во населено место Дреновци, Општина Долнени“ да ги вклучи во буџетското барање за 2019 година на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на повеќегодишна јавна набавка на работи за доизградба на канализација во населено место Крушеани, во Општина Кривогаштани и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде одобрение на Министерството за транспорт и врски за реализирање на постапка за склучување на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за доизградба на канализација во населено место Крушеани, во Општина Кривогаштани.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски средствата во износ од 3.000.000,00 денари за реализација на проектот „Доизградба на канализација во населено место Крушеани, во Општина Кривогаштани“ да ги вклучи во буџетското барање за 2019 година на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Ројал - Скопје со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Ројал - Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 42 Скопје), во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги Дата ресурси ДОО увоз-извоз Струмица на локалитетот „Криво Долче“ с.Куклиш, Општина Струмица, со Предлог-одлука, со заклучок истата повторно да се разгледа откако Министерството за транспорт и врски и ЈП за државни патишта ќе достават мислења во врска со ова прашање.

Истовремено, се задолжува Министерството за транспорт и врски да направи теренски консултации со локалното население, а во соработка со ЈП за државни патишта да ја разгледаат можноста за изнаоѓање на друга локација кон градот Струмица, за транспорт на минералната суровина - песок и чакал.

**Точка 23**

Владата на предлог м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со постапките за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Банско“ Општина Струмица, со Предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потпишувањето на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за економија на Република Македонија

и Министерството за енергетика на Република Бугарија за спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија, со усогласен текст на Меморандумот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за енергетика на Република Бугарија за спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија.

2. Предлагачот да достави преведен текст на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за енергетика на Република Бугарија за спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија на македонски јазик, како и без референца ФИРОМ во текстот на двете верзии на Меморандумот.

3. Се овластува државниот секретар во Министерството за економија, Зоран Павловски, да го парафира Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за енергетика на Република Бугарија за спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија, со писмо замена за потпис.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот при имплементацијата и реализацијата на Меморандумот да ги има предвид забелешките изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 25

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за обесштетување на поплавените правни лица во Скопскиот Регион, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања, во октомври, ноември и декември 2017 година, со табеларни прегледи и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за здравство и Министерството за образование и наука - Државен просветен инспекторат, а се укажува на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и ЈРП Македонска радио - телевизија во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител на Република Македонија во текот на месеците ноември и декември 2017 година, по кој се уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител на Република Македонија и до Генералниот секретаријат на Владата на

Република Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија за месеците јануари, февруари и март 2018 година, во рок од пет дена да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител на Република Македонија.“

## Точка 27

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Елена Грозданова, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ирена Ристеска, раководителка на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 28

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за моделот за преглед на занимања и Работен план за преглед на занимања 2018 - 2021 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Државниот завод за статистика и Министерството за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Македонија, Центарот за образование на возрасните и Центарот за стручно образование и обука од 2018 до 2021 година да ги доставуваат податоците наведени во точката 3 од оваа информација и тоа до крајот на април за занимањата за 2018 година, а за 2019, 2020 и 2021 година до крајот на февруари, за претходната година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, секоја година во март да ја известува Владата за имплементација на Работниот план за преглед на занимања 2018 - 2021 година.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за Фулбрајт програмата за академска размена, со усогласен текст на Меморандум за разбирање (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Стејт департментот на Соединетите Американски Држави и Министерството за образование и наука на Република Македонија за Фулбрајт програмата за академска размена.

2. Се овластува д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Стејт департментот на Соединетите Американски Држави и Министерството за образование и наука на Република Македонија за Фулбрајт програмата за академска размена.

**Точка 30**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за вработувањата во основните и средните училишта.

**Точка 31**

Владата го донесе Решението за формирање на Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - фелдспат на Друштвото за производство, трговија и услуги Огражден-микромикс ДООЕЛ увоз-извоз Струмица на локалитетот „Хамзали 2“, Општина Босилово, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за забрана на продажба на одделни нафтени деривати, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар (Имотен лист бр.14, КО Тетово 1), во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „COMBINED RESOLVE-X“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „BGR-MKD SOF JCET 18“, во Република Бугарија, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „EAGLE-VI“, во Република Косово, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „ADRIATIC STRIKE 2018“, во Република Словенија, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за технолошки индустриски развојни зони, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 41**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог -законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 42**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2017 година, кој е во функција на отчетност на работата на Дирекцијата за заштита на личните податоци согласно член 42 став 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15 и 99/16), според кој директорот до Собранието на Република Македонија доставува годишен извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и по истиот нема забелешки.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Асоцијацијата на здруженија на работодавачите на трговски друштва за превоз на патници на Република Македонија - Исток, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.156/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Тарифата за премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/08 и 144/17), донесена од Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност и притоа го утврди следново мислење:

1. Во точката 1 од Иницијативата насловен како Предмет на иницијативата се наведува дека предмет на Иницијативата е „оценување на уставноста и процедуралната законитост на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица, со посебен осврт првенствено на членот 7 став 5, а

натаму и на член 8 став 3 и став 8 алинеја 1 од Тарифата“. Во точка 2 дел I од Иницијативата подносителот бара поништување на Тарифата со образложение дека истата не е објавена во „Службен весник на Република Македонија“, што според подносителите на Иницијативата е спротивно на член 52 од Уставот на Република Македонија, додека во точка 2 дел II и III ја оспорува уставноста и законитоста на членот 7 став (5), членот 8 став (3) и став (8) алинеја 1 од Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица. Оттука, не е јасно што треба да биде предмет на оцена пред Уставниот суд, Тарифата како целина и нејзината согласност со член 52 од Уставот или пак одредбите од член 7 став (5), член 8 став (3) и став (8) алинеја 1 и нивната согласност со Законот за облигациони односи. Поради тоа што Иницијативата е нејасна од аспект на тоа што е предмет на Иницијативата и причините поради кои се оспорува уставноста, а истовремено и поради тоа што содржи наводи кои не се точни и претставуваат нејзино погрешно толкување, Владата на Република Македонија смета дека Уставниот суд на Република Македонија треба да ја отфрли.

2. По однос на тврдењето на подносителите на Иницијативата дека „Тарифата на премии за осигурување на сопственици на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица“ дека не се применувала 8 години се укажува дека:

Во член 44 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/05 од 19.10.2005 година) кој бил во примена во време на донесување на Тарифата (6.5.2005 година) е пропишано Владата на Република Македонија да формира Комисија за осигурување од автомобилска одговорност, составена од членови именувани на предлог на Министерството за финансии и Националното биро за осигурување. Владата на Република Македонија на 19.12.2005 година донела Решение за именување претседател и членови на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/06 од 9.1.2006 година).

Согласно член 45 став (1) од Законот, Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност изготвува Тарифа за осигурување од автомобилска одговорност и на Владата и предлага минимална и максимална стапка на техничка премија. Согласно член 46 од Законот, Владата на Република Македонија на предлог на Комисијата, ја утврдува минималната и максималната стапка на техничка премија.

Владата на Република Македонија, постапувајќи согласно законските овластувања формирала Комисија за осигурување од автомобилска одговорност, а Комисијата, повторно согласно законските овластувања, изготвила Тарифа и ја усвоила на седница на Комисијата одржана на 6.5.2006 година. Тарифата, заедно со предлог за минималната и максималната стапка на техничка премија се доставени до Владата на Република Македонија, согласно одредбите пропишани во член 45 од Законот. Врз основа на предлогот од Комисијата, Владата на Република Македонија донела Одлука за утврдување на минимална и максимална стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност со бр.19-2573/1 од 7.6.2006 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 73/06 од 14.6.2006 година), при што истата влегла во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, односно на 15.6.2006 година.

Овој факт ги оспорува наводите во Иницијативата дека дури во 2008 година Владата донела Одлука за минимална и максимална стапка на техничка премија за осигурување за примена

на Тарифата, како и дека Тарифата не се применувала осум години односно од 2008 до 2016 година, поради што Иницијативата на подносителот треба да се отфрли.

Основната цел на вака поставениот систем на утврдување на висината на потребното ниво на техничка премија претставува создавање на тарифен систем што ќе обезбеди економика на осигурувањето, финансиска одржливост и долгорочна стабилност во оваа класа на осигурување, во насока на заштита на оштетените лица-жртви на сообраќајните незгоди.

Тарифата претставува методолошка алатка и нејзината примена се поврзува со донесувањето на Одлуката за утврдување на минимална и максимална стапка на техничка премија од страна на Владата на Република Македонија. Во член 2 од Одлуката на Владата е наведено дека: „Минималната, односно максималната стапка на техничка премија се однесува на основниот премиски степен 10 (премија без бонус и малус) од Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица."

Од тука јасно и недвосмислено произлегува дека предуслов за донесување на Одлуката за утврдување на минимална и максимална стапка на техничка премија од страна на Владата на Република Македонија е претходно Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност да донела Тарифа на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица. Токму тоа е и причината поради која со членот 45 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е уредено дека Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност изготвува Тарифа за осигурување од автомобилска одговорност и ѝ предлага на Владата минимална и максимална стапка на техничка премија, односно според законската одредба изготвувањето на Тарифата претходи на Одлуката за утврдување на минимална и максимална стапка на техничка премија. Од друга страна пак, Тарифата сама по себе, без Одлука за утврдување на минимална и максимална стапка на техничка премија е неспроведлива. Од таа причина, во самата Тарифа во член 19 е наведено дека истата ќе почне да се применува со денот на влегување во сила на Одлуката за утврдување на минимална и максимална стапка на техничка премија.

3. По однос на тврдењето на подносителите на Иницијативата дека „Тарифата на премии за осигурување на сопственици на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица" донесена од страна на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност на седница одржана на 6.5.2006 година не е објавена во Службен весник на Република Македонија, што е спротивно на член 52 од Уставот на Република Македонија се укажува дека:

Во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот кој бил на сила во време на донесување на Тарифата на премии за осигурување на сопственици на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/05) не била пропишана одредба Тарифата на премии за осигурување на сопственици на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица да се објавува во Службен весник на Република Македонија. Обврска за објавување на Тарифата во Службен весник на Република Македонија не била предвидена ниту во Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во Службен весник на Република Македонија (56/99, 43/02 и 50/02), кој факт ги оспорува наводите во Иницијативата дека Тарифата од 2006 година е донесена во постапка спротивна на член 52 од Уставот на

Република Македонија со тоа што не е објавена во Службен весник на Република Македонија.

Сепак во насока на обезбедување на транспарентност и пристап до информации на сите заинтересирани страни Тарифата е објавена на веб страницата на Националното биро за осигурување.

Исто така, Националното биро за осигурување, Тарифата ја доставило до друштвата за осигурување во Република Македонија кои се членки на Бирото и тоа: АД „Триглав“, АД „Македонија“, АД „Евроинс“, АД „Сава“, АД „Винер“, АД „Еуролинк“, АД „Еуросиг“, АД „Уника“, АД „Осигурителна полиса“, АД „Албсиг“ и АД „Кроација- осигурување“. Врз основа на одредбите од Тарифата, осигурителните друштва на нивните веб страници имаат изработено информативен материјал и онлајн калкулатори кои осигурениците може да ги користат за пресметка на бруто премиите за осигурување од автомобилска одговорност на нивните возила.

Дополнително, осигурителните друштва формираа телефонски и онлајн центри за помош каде осигурениците можат да прашаат и да ги добијат сите потребни информации поврзани со осигурувањето на возила. Постои и децентрализирана мрежа на брокерските друштва кои се соработници на друштвата за осигурување и преку кои може да се добијат сите информации потребни за осигурување на возила, при што истите се лоцирани на целата територија на државата (друштвата за осигурување на веб страниците имаат објавено регистри на осигурително брокерски друштва кои им се соработници).

Надлежен државен орган за следење на примената на „Тарифата на премии за осигурување на сопственици на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица“ од страна на друштвата за осигурување е Агенцијата за супервизија на осигурувањето, основана согласно Законот за супервизија на осигурувањето. Во насока на обезбедување на пристап до пошироката јавност за потребата од осигурување од автомобилска одговорност Агенцијата има изработено промотивен материјал кој е достапен на нивната веб страница и дистрибуиран до осигурениците, а посебен линк води и до Националното биро за осигурување.

Исто така Агенцијата за супервизија на осигурувањето изготвува редовни квартални извештаи за работењето на друштвата за осигурување кои се достапни на нивната веб страница, вклучително и во делот кој се однесува на осигурувањето од автомобилска одговорност.

Врз основа на изнесеното, се смета дека уставниот и меѓународниот принцип на правна сигурност како основно човеково право не е повреден, поради што Иницијативата на подносителот не треба да се прифати.

4. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/08), членот 45 став (1) од Законот се дополнува со нова одредба која гласи: „Тарифата по нејзиното донесување се објавува во Службен весник на Република Македонија“.
По донесување на наведеното дополнување на член 45 став (1) од Законот, Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица, првпат е измената во 2017 година кога Комисијата за автомобилска одговорност подготви и до Владата на Република Македонија достави

Тарифа за изменување и дополнување на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица. Истата е објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.144/17 од 10.10.2017 година, што е во согласност со измените и дополнувањата на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/05, 70/06, 81/08, 47/11, 135/11, 112/14 и 145/15).

Имајќи го предвид наведеното, во 2006 година кога е донесена Тарифата не постоела обврската за објава на Тарифата во Службен весник на Република Македонија, додека истата односно измената на Тарифата е објавена во Службен весник на Република Македонија кога Тарифата за првпат претрпи измени и дополнувања во 2017 година.

5. Наводите во Иницијативата дека Владата на Република Македонија си дала дискреционо право да биде во улога на предлагач, законодавец и на извршител на Тарифата не се точни.

Напротив, Владата на Република Македонија кога ја формирала Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност постапила согласно член 44 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, што е во согласност со член 88 од Уставот според кој „Своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамки на Уставот и законите“ и член 91 алинеја 14 од Уставот според кој Владата на Република Македонија „врши други работи утврдени со Уставот и со закон“. Во конкретниот случај Владата на Република Македонија се јавува како предлагач на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност формирана согласно Законот ја подготвува и ја донесува Тарифата, извршители на истата се друштвата за осигурување, а надзор врши Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

6. При изготвување на Тарифата се користени повеќегодишни анализи, актуарски пресметки и статистички податоци.

Тарифата предвидува висината на премијата да се утврдува врз основа на повеќе критериуми, како на пример: вид и намена на возилото, технички карактеристики на возилото, видот на осигурувањето, возраста на осигуреникот, висината на осигурителното покритие, бројот и висината на пријавени штети во минатиот осигурителен период, траењето на осигурувањето и други основи. При подготовката на Тарифата се користени искуствата кои ги има нашата земја повеќе од 50 години во областа на осигурувањето од автомобилска одговорност, но и искуствата на земјите регионот и Европската Унија бидејќи се работи за задолжително осигурување регулирано со посебен закон lex specijalis.

Владеењето на правото и правната сигурност не се доведени во прашање со Тарифата, бидејќи граѓаните како осигуреници и оштетени од сообраќајни незгоди добиваат надомест за материјални и нематеријални штети врз основа на полисите за осигурување согласно Законот, но и во случаи кога нема полиси за осигурување од автомобилска одговорност штетите се надоместуваат.

Исто така на товар на осигурителната индустрија се и нематеријалните штети за сите оштетени во сообраќајни незгоди предизвикани од Н.Н. (неидентификувани) возила и Н.Н. (неидентификувани) учесници.

Според претходно горе изнесеното, Тарифата е во согласност со член 52, 88, 91 член 8 став 1 алинеја 4 и член 51 од Уставот на Република Македонија според кој законите треба

да се во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите. Законот за задолжително осигурување во сообраќајот претставува lex specialis и како таков уредува голем број прашања, но при тоа ги почитува уставните норми и начела.

7. По однос на наводите дека член 7 став (5), член 8 став (3) и став (8) алинеја 1 од Тарифата не се во согласност со Законот за облигациони односи, се укажува на следното: Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е lex specialis. Со него е уредено задолжителното осигурување на: а) патници во јавен превоз од последици на несреќен случај - незгода; б) сопственици, односно корисници на моторни и приклучни возила; в) сопственици, односно корисници на воздухоплови и г) сопственици, односно корисници на бродови, односно чамци на моторен погон, од одговорност за штети предизвикани на трети лица во сообраќајот и други прашања од значење за задолжителното осигурување во сообраќајот (член 1 од Законот).

Согласно член 3 став (1) од Законот, сопствениците на превозни средства се должни пред да го пуштат превозното средство во сообраќајот да склучат договор за задолжително осигурување со друштво за осигурување кое има дозвола за вршење на работи на задолжително осигурување.

Согласно член 3 став (4) од Законот, друштвото за осигурување, кое врши работи на задолжително осигурување, е должно да го склучи договорот за задолжително осигурување согласно со одредбите на овој закон, Условите за осигурување и Тарифите на премии.

Со членот 9 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е уредено дека „За се она што не е уредено со овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и Законот за супервизија на осигурување“.

Со членот 14 е уредено дека сопственикот, односно корисникот на моторно и приклучно возило е должен да склучи договор за осигурување од одговорност за штети што со употреба на моторното возило ќе им ја причини на трети лица поради смрт, телесна повреда, нарушување на здравјето, уништување или оштетување на предмети (во натамошниот текст: осигурување од автомобилска одговорност) освен од одговорност за штети за предметите што ги примил на превоз.

Согласно член 44 став (1) од Законот, Владата на Република Македонија формира Комисија за осигурување од автомобилска одговорност.

Согласно член 45 став (1) од Законот, Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност изготвува тарифа на премија за осигурување од автомобилска одговорност. Согласно истиот член Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност и предлага на Владата на Република Македонија минимална и максимална стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност.

Согласно член 46 од Законот, Владата на Република Македонија на предлог на Комисијата ја утврдува минималната и максималната стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност.

Според цитираните законски одредби јасно и недвосмислено произлегува дека осигурувањето од автомобилска одговорност е задолжително осигурување кое, заради

спецификите во однос на доброволното осигурување на имоти и лица, е уредено со посебен закон - Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и дека сопствениците, односно корисниците на моторни и приклучни возила имаат законска обврска пред да го пуштат возилото во сообраќај да го осигурат во друштво за осигурување согласно одредбите од посебниот закон, односно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и актите донесени согласно тој Закон.

Дополнително, се укажува дека во сите земји од Европската Унија и во земјите од Европа е задолжително моторните возила да се осигурат од одговорност за штети предизвикани на трети лица. Овој тип на осигурување ги покрива материјалните и нематеријални штети во случај на сообраќајна незгода, освен на возачот кој ја предизвикал. Осигурувањето на моторните возила, вклучително и на осигурувањето од одговорност за штети предизвикани на трети лица во Европската Унија е уредено и со посебни директиви. Истото се нарекува осигурување на „трети лица“ бидејќи корисник на осигурувањето е лице кое е различно од двете страни кои се потписници на полисата за осигурување (сопственикот или возачот на моторното возило и осигурителната компанија). На доброволна основа осигурителните компании нудат и целосно (каско) осигурување со кое од потенцијални штети е покриен и сопственикот или возачот на моторното возило.

8. По однос на наводите од Иницијативата дека член 7 став (5) е во спротивност со начелото на справедливост од член 10-а од Законот за облигациони односи, се укажува на следното: Користењето на бонус/малус системи за пресметка на премии за осигурување на моторните возила кои учествуваат во сообраќај, има широка примена во осигурителната индустрија. Бонус/малус системот се применува во светски рамки и претставува начин на пресметка на зголемување или намалување на премијата за осигурување согласно настанувањето на штети. Притоа, и за бонусот и за малусот се поставени лимити односно е ставено ограничување колку може да изнесува најголемото зголемување или намалување на премијата која ја плаќа осигуреникот.
За истото се определуваат соодветни критериуми, кои во Република Македонија се пропишани во „Тарифата на премии за осигурување на сопственици на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица“.

Бонусот претставува намалување (попуст) на премијата за осигурување која на осигуреникот му следи доколку не предизвикал штета во претходната година. Од друга страна, малусот претставува зголемување на премија за осигурување во оние случаи кога осигуреникот предизвикал една или повеќе штети во претходната година. Во одредени земји утврден е бонус малус систем кој го применуваат сите друштва за осигурување што обезбедува еднакви услови за сите осигуреници, додека во некои земји е оставено друштвата за осигурување сами да утврдат бонус/малус систем кој ќе го применуваат и во тој случај зависи од деловната политика на осигурителната компанија и капацитетот да биде конкурентна на пазарот.

Примената на бонус значи дека возачите кои безбедно управуваат со моторни возила во сообраќајот имаат право на намалена премија заради тоа што во претходниот период не предизвикале штети. Во Република Македонија на осигурениците на индивидуални возила кои во претходната година не предизвикале штета, за следниот период на осигурување им се одобрува попуст на премијата, односно премин за еден премиски степен пониско во однос на премискиот степен во кој се наоѓал. На тој начин осигуреник кој започнал со основна премија за осигурување (степен 10 на скалата на степени на бонус-малус од член 7 од Тарифата) и не предизвикал штета во наредните 10 години ќе има право на постепено

намалување на премијата секоја година согласно скалата утврдена во член 7 од Тарифата, при што од десеттата година ќе користи максимален попуст од 50% односно намалување на основната премија за една половина. Кај сопствениците на флоти (правни/физички лица кои со една полиса осигуруваат шест или повеќе возила) максималниот бонус изнесува 40% од основната премија и истиот може да се достигне во многу пократок рок односно само една година по првото осигурување на флотата доколку осигуреникот не предизвикал штета (член 8 став 1 од тарифата).

Во однос на малус системот, примената на истиот значи дека сопствениците и возачите на возила кои предизвикале штета во сообраќајот во претходниот период ќе имаат зголемување на премијата за осигурување. Во Република Македонија на осигурениците на индивидуални возила кои во претходната година предизвикале штети, за следниот период на осигурување им се пресметува зголемување на премијата, односно премин за еден премиски степен повисоко за секоја предизвикана штета во однос на премискиот степен во кој се наоѓал осигуреникот во претходниот период (согласно скалата на степени на бонус-малус од член 7 од Тарифата).

Кај сопствениците на флоти малусот зависи од висината на штетите предизвикани од возилата во флотата во претходната година (член 8 став 3 од Тарифата). Доколку штетите се со помал износ осигуреникот може да остане и во бонус, но доколку се повисоки ќе му се пресмета малус, при што максималниот малус е ограничен на 100% од основната премија дури и во случај на многу високи штети. Доколку во тековната година осигуреникот на флота не предизвика нова штета, веќе од наредниот период од максимален малус може да се врати на одреден процент на бонус или на основно ниво на премија. Ова е поповолно споредено со осигуреник на индивидуално возило на кој доколку се наоѓа во максимален малус (степен 18. на скалата на степени на бонус-малус), му се потребни 8 години за да се врати на основното ниво на премија, доколку нема предизвикано штета во овој период.

Се укажува дека хипотетичкиот пример кој е даден во точка 2 дел II од Иницијативата е погрешен бидејќи упатува дека осигурувањето на флоти (за сопственици на шест и повеќе возила) е поврзано со член 7 од Тарифата.

Осигурувањето и пресметката на бонус и малус за флоти е уредено со член 8 став (1) и (3).

Начелото на справедливост од членот 10-а од Законот за облигационите односи се применува во случаи точно определени со закон, а дополнително дадено преку случаи на примена наведени во самата одредба на членот, како што се одговорност на штета, општите услови на договорот, раскинување на договорот поради променети околности и слично. Оттука, духот на овој член не укажува и не повикува на примена во конкретниот случај како што се повикува предлагачот на Иницијативата, посебно што истите го поврзуваат овој член со одговорноста за штета, кое нешто е појаснето и во натамошниот дел од ова мислење.

Во конкретниот случај, членот 7 од Тарифата (односно целата Тарифа) претставува акт донесен врз основа на закон, при што со Тарифата се регулираат премиите за осигурување од автомобилска одговорност на целокупниот осигурителен пазар на територијата на Република Македонија. Ова во ниту еден случај не претставува облигационен однос во кој двете страни сами ги договараат правата и обврските како би можело да дојде до примена

на членот 10-а од Законот за облигациони односи, ниту пак станува збор за одговорност од штета.

Тарифата е донесена врз основа на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот. Задолжителноста на примена на оваа правна норма е повеќе од јасна и не е предмет на слободно договарање и располагање, па оттука друштвата за осигурување ниту можат ниту имаат право слободно да располагаат со Тарифата, ниту пак со условите под коишто се утврдуваат степените бонус-малус од член 7.

9. По однос на наодите од Иницијативата со кои се оспорува уставноста и законитоста на член 8 став (3) и став (8) алинеја 1, се укажува дека:
Во случаите кога договарачот на осигурувањето има склучено осигурување за шест или повеќе возила (согласно член 8 стави 1 и 3), системот бонус-малус се пресметува на ниво за сите осигурени возила. Во оние случаи кога меродавниот технички резултат достигнал ниво со кое се исполниле условите за пресметка на малус и возилата кои немаат причинето штета подлежат на зголемување на премијата за осигурување.

Истиот овој принцип се применува и во случаите кога меродавниот технички резултат достигнал ниво со кое се исполниле условите за пресметка на бонус и во тој случај бонус се пресметува и на возилата кои предизвикале одредена штета, односно се разгледуваат во групата на осигурени возила кои го остваруваат правото на намалување на премијата на ниво на пресметка на целата група на возила.

Имајќи го предвид претходното, како што малусот претставува оптеретување на договарачот да плати зголемена премија на ниво на групно осигурени возила согласно член 8 став (3), така договарачот на осигурување ги користи и поволностите за намалување на премијата на ниво на групно осигурените возила согласно член 8 став (1) од Тарифата.

Што се однесува до повикувањето на член 195 став (3), член 141 и член 145 од Законот за облигационите односи, неопходно е да се укаже дека малусот на договарачот не претставува штета во смисла на одредбите од Законот за облигационите односи, па оттука и потребата да се појасни примената на овие одредби и дека истите не се применливи во случај кога има донесен акт, односно Тарифа која се однесува на задолжителното осигурување во сообраќајот:

Член 195 од Законот за облигационите односи ја регулира солидарната одговорност на штета. Основите за одговорноста при причинување на штета се предвидени во член 141 од Законот за облигационите односи. Основното правило за одговорност за причинетата штета гласи: „Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести“.

Самото причинување на штета претставува извор на облигационо-правен однос кога за него правниот поредок поврзува одговорност за надоместување на така причинетата штета. За да настане облигационо-правен однос од причинување на штета, потребно е да бидат исполнети две претпоставки - фактички да биде предизвикана штета како примарен елемент и да биде пропишана одговорност на сторителот за предизвиканата штета како секундарен елемент. Субјекти на облигационо-правниот однос на причинета штета се штетникот и оштетениот. Одговорноста на повеќе лица кога тие учествуваат во причинување на штетата е предвидена во член 195 од Законот за облигационите односи. Солидарната одговорност на сите лица што учествувале во причинувањето на штетата има за цел да го обезбеди обештетувањето на оштетениот во секој случај.

Правниот основ - Надомест на штета е законски регулиран, а бидејќи малусот не претставува штета на оштетен во одреден штетен настан, повикувањето на наведените членови од Законот за облигационите односи е сосема неосновано и одредбите од Законот за облигационите односи се неприменливи бидејќи се однесуваат на правниот институт Надомест на штета.

Следствено на ова, одредбата за малус од Тарифата воопшто не треба да биде предмет на оценување на законитост врз основа на наводите од предлагачот на Иницијативата.

10. Во однос на барањето на подносителите на Иницијативата Уставниот суд да ја поништи Тарифата, се укажува дека таквата одлука на Уставниот суд ќе предизвика значителни финансиски последици по граѓаните и компаниите кои се занимаваат со превоз на стока и патници или ги користат возилата за лични потреби. Имено, согласно податоците од Националното биро за осигурување, во моментов бонус се пресметува за над 525 илјади возила, а малус се пресметува само за 10 илјади возила. Поништувањето на Тарифата ќе значи зголемување на премијата за осигурување за сите лица кои користат бонус, односно ќе бидат ставени во неповолна положба најголем дел од осигурениците од автомобилска одговорност.

11. Според член 51 од Уставот на Република Македонија, законите треба да се во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите. Законот за задолжително осигурување во сообраќајот претставува lex specialis и како таков уредува голем број прашања на посебен и специфичен начин, но при тоа ги почитува правата гарантирани со Уставот на Република Македонија.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија во целост да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица, како неоснована.

## Точка 44

Владата го разгледа Посебниот извештај за состојбите во Прифатниот транзитен центар „Табановце“ и утврди мислење, врз основа на мислењата на Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство и Центарот за управување со кризи и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија.

## Точка 45

Владата го разгледа Посебниот извештај за остварувањето и заштитата на избирачкото право и утврди позитивно мислење, врз основа на мислењата на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија.

**Точка 46**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5414, Имотен лист бр.4321, Имотен лист 5413, Имотен лист бр.4318 и Имотен лист бр. 7518 за КО Бутел на КП бр.2024/1, КП бр. 2026/1 КП бр.2025, КП2027/1 и КП бр.2024/2 за наредната седница на Владата, поради потребата Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави мислење по Понудата.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101705 за КО Бутел, КП бр.143 место викано Призренска и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 95142 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр. 3948 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Славчо Алексов за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 243 за КО Истибања на КП бр. 799, место викано Бавчи и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 50**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Зоран Петрески од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И. бр. 141/18 за КО Бутел, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за транспорт и врски, во соработка со Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да подготви и до Владата да достави мислење по материјалот.

**Точка 51**

Владата по Повикот за свикување на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 16.4.2018 година, во 10:00 часот, заклучи:

1. Се овластува Тања Чачарова-Илиевска, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД - Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 16.4.2018 година, во 10:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да го извести Македонски Телеком АД - Скопје за назначениот полномошник на Владата на

Република Македонија на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 16.4.2018 година, во 10:00 часот.

3. Се овластува полномошникот на Владата на Република Македонија да гласа „ЗА“ по однос на Процедуралниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 16.4.2018 година, во 10:00 часот.

4. Се овластува полномошникот на Владата на Република Македонија по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 16.4.2018 година, во 10:00 часот:

1. Да гласа „ЗА“ по точка 1: Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2017 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во „Службен весник на Република Македонија“;

2. Да гласа „ЗА“ по точка 2: Предлог-одлука за усвојување на ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за 2017 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во „Службен весник на Република Македонија“;

3. Да гласа „ЗА“ по точка 3: Предлог-одлука за усвојување на ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за 2017 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;

4. Да гласа „ЗА“ по точка 4: Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2017 година;

5. Да гласа „ЗА“ по точка 5: Предлог-одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2017 година;

6. Да гласа „ЗА“ по точка 6: Предлог-одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2017 година и утврдување на дивиденден календар;

7. Да гласа „ПРОТИВ“ по точка 7: Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2017 година и

8. Да гласа „ЗА“ по точка 8: Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за интерна ревизија на Друштвото за 2017 година.

## Точка 52

1. Владата го разреши Никола Димитровски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Кратово.

2. Владата ја именува Афрдита Авдиљи за член на Управниот одбор- претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

3. Владата ја именува Александра Караманова за член на Управниот одбор- претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија.

4. Владата го именува Благоја Невчевски за член на Управниот одбор- претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

5. Владата ја именува Билјана Домазатова за член на Управниот одбор- претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес.

6. Владата го разреши Генц Таравари од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје.

6.1. Владата го именува Андон Стефановски за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје.

7. Владата го разреши Андон Стефановски од должноста член на Управниот одбор на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони.

7.1. Владата го именува Виктор Митевски за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

8. Владата го разреши Антонио Димов од должноста вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес.

8.1. Владата го именува Боби Мојсоски за вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го именува Фикрет Ибраими за член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

10. Владата го избра Ерол Копов за член на Надзорниот одбор на Друштвото фабрика за шински возила „Велес“, Дооел - Велес.

11. Владата го именува Садат Рамчески за член на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица” - Кичево.

12. Владата ја именува Шенај Османова за член на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица” - Пробиштип.

13. Владата ја именува Фарије Мемедова за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче” - Велес.

14. Владата го именува Орхан Баров за член на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче” - Велес.

15. Владата го именува Емин Џумкар за член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид.

16. Владата го именува Ашим Реџепи за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат” - Скопје.

17. Владата го именува Ерхан Баки за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП за берзанско работење Агро -берза со п.о. Скопје.

18. Владата го одложи за наредната седница предлогот за именување на неизвршен член на Советот на Народната банка на Република Македонија, поради потребата од дополнителни консултации.

**Точка 53**

1. Владата го задолжи Министерството за економија, во рок од седум дена до Владата да достави информација за исполнетоста на условите за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато, на „Еуромакс ресоурцес“ ДОО Скопје, на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, а согласно Известувањето од Министерството за економија, под бр.24-6325/1 од 2.12.2016 година.

2. По повод укажувањата на д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Владата ги задолжи сите министри, во координација со државните секретари и службите задолжени за финансиски прашања во нивните институции, најдоцна до утре, 11.4.2018 година (среда), да ја пополнат табелата за статус на реализацијата на предвидените капитални инвестиции и истата да ја достават до Министерството за финансии, согласно нивните претходно дадени насоки.

Исто така, се задолжуваат сите министри, во врска со ова прашање да го искоординираат и следат доставувањето на податоците (пополнувањето на табелата) на сите други институции (органи во состав, акционерски друштва, јавни претпријатија и сл.) под нивна надлежност и делокруг на работење.

Воедно, се задолжува Министерството за финансии, во координација со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да воспостави унифицирано следење на капиталните инвестиции (по начин и методологија како што се следат инвестициите), по гантограм, процеси, периоди и степен на реализација.

Истовремено, Владата укажува на потребата од зголемена реализација на предвидените буџетски средства по однос на тековните расходи (трошоци по основ на стоки и услуги).

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 2.4.2018 до 9.4.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 54**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Акционерското друштво „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за периодот од 1.1.2017 година до 30.9.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Управата за финансиско разузнавање во 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за февруари 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат од постоечки локален пат кон месност поранешен Рудник Дамјан до концесиски простор Рудник Боров Дол КО Дамјан, Општина Радовиш, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат од постоечки локален пат кон месност поранешен рудник Дамјан до концесиски простор рудник Боров Дол КО Дамјан, Општина Радовиш, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за правда - Управа за извршување на санкции (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор за реконструкција и адаптација на ЈЗУ Специјална болница „Св.Еразмо“ - Охрид и ја усвои со следниов заклучок:

- Условно го одобри склучувањето на Анекс -договор за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор за реконструкција и адаптација на ЈЗУ Специјалната болница „Св. Еразмо“ - Охрид, согласно обезбедените и расположиви средства во Буџетот на Министерството за здравство за 2018 година, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење во врска со ова прашање.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на клетки од човечкото тело заради лекување - крвотворни матични клетки, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на органи од човечкото тело заради лекување - срце, во предложениот текст.

## Точка 63

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на органи од човечкото тело заради лекување- панкреас, во предложениот текст.

## Точка 64

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на две лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на ткива од човечкото тело заради лекување - очни ткива, во предложениот текст.

## Точка 65

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на органи од човечкото тело заради лекување - црн дроб (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 66

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на органи од човечкото тело заради лекување - бубрези, во предложениот текст.

## Точка 67

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на три лиценци за вршење здравствена дејност земање и пресадување на органи од човечкото тело заради лекување - бели дробови, во предложениот текст.

## Точка 68

Владата ја донесе Одлуката за распределба на добивка по Годишната сметка за 2016 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (нов текст), во предложениот текст.
Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се укажува на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје во однос на проектот за „Набавка, инсталирање и имплементација на нов АТМ систем вклучувајќи и техничко оперативна сала за истиот“ да ја ретендерира проектната компонента набавка, инсталирање и имплементација на нов АТМ систем, согласно Договорот за заем со ЕБОР, со изземање на зградата (техничко-оперативна сала) од истиот, која ќе се набави од сопствени средства на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната

навигација М-НАВ АД Скопје, на нова локација, согласно позитивните законски прописи во Република Македонија.

2. Се укажува на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје во однос на проектот „Набавка, инсталирање и имплементација на нов Mode-S секундарен набљудувачки радар (Mode-S Enhanced Surveillance Ground Station Implementation)“, да го прекине отпочнатиот процес за набавка, од причина што договорот за закуп на приватно земјиште е еднострано раскинат од страна на закуподавачот и поради тоа што мора да се одреди нова локација на државно земјиште за поставување на новиот Mode-S радар, а по добиеното одобрување за ретендерирање на овој проект од страна на ЕБОР, АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје да отпочне нова постапка согласно правилата и политиките за набавка на ЕБОР.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од формирање на работна група за утврдување на програма за одбележување на јубилејот 1000 години од формирањето на Охридската архиепископија од страна на државата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, да формира работна група со по два претставника (член и заменик член) од Министерството за култура, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Општина Охрид, како и по еден претставник од Музејот на Македонија, Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, Македонската филхармонија и Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски, во рок од два дена по добивање на номинациите од институциите.

2. Се задолжуваат Министерството за култура, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, а се препорачува на Општина Охрид, најдоцна до 16.4.2018 година да номинираат по двајца претставници (член и заменик член) во работната група до Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

3. Се укажува на Музејот на Македонија, Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид и Македонската филхармонија, најдоцна до 16.4.2018 година да номинираат по еден претставник за работната група до Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

4. Се задолжува Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи да му препорача на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, најдоцна до 16.4.2018 година да номинира свој претставник во работната група до Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

**Точка 70**

Владата го разгледа Извештајот по точка 1 од Третата седница на Комисијата за приватизација, одржана на 10.4.2018 година, во врска со предлог за именување на претставник на капиталот, односно акциите во „11 Октомври - Еурокомпозит“ АД Прилеп,

стекнати по основ на државен капитал, го усвои Извештајот и донесе Решение, со кое за претставник на капиталот, односно акциите во „11 Октомври - Еурокомпозит“ Прилеп, стекнати по основ на државен капитал, Владата на Република Македонија ја именува Софче Јовановска од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

Истовремено, Владата заклучи да му препорача на претставникот на капиталот, односно акциите во „11 Октомври - Еурокомпозит“ Прилеп, стекнати по основ на државен капитал, да присуствува на Собранието на АД „11 Октомври - Еурокомпозит“ - Прилеп и да учествува во изборот на нов генерален директор.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:35 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**